# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 93 Год. LXII Четврток, 31 август 2006 Цена на овој број е 220 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1434. | **Одлука** за давање согласност на Договор за давање моторно возило на користење без надоместок.................. | 1 |
| 1435. | **Одлука** за изменување на Одлуката за обезбедување на станови за спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства.............. | 2 |
| 1436. | **Одлука** за именување претседател, членови и нивни заменици на Изборната комисија на град Скопје.............. | 5 |
| | **Државен завод за индустриска сопственост** | |
| 106. | **Правилник** за формата и содржината на барањето и другите состојки и прилози кон барањето за издавање на решение за сертификат за заштита на производите за заштита на растенија.. | 15 |
| 107. | **Правилник** за формата и содржината на барањето и другите состојки и прилози кон барањето за издавање на решение за сертификат за заштита на медицински производи........................ | 16 |
| 108. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за индустриски дизајн............................................ | 17 |
| 109. | **Правилник** за изменување на Правилникот за трговска марка................. | 17 |
| 110. | **Правилник** за дополнување на Правилникот за патенти............................. | 18 |
| | **Објава** за просечната месечна нето плата по работник за месец август 2006 година.......................................... | 18 |
| | **Објава** за трошоците на живот за месец јуни 2006 година, во однос на месец мај 2006 година.............................. | 19 |
| | **Огласен дел**.......................................... | **1-44** |


## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1434.**

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.08.2006 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ МОТОРНО ВОЗИЛО НА КОРИСТЕЊЕ БЕЗ НАДОМЕСТОК

Член 1

Со оваа одлука Владата на Република Македонија дава согласност на Договорот за давање моторно возило на користење без надоместок, движна ствар – патничко возило Opel ASTRA 1.41 16 V со број на шасија WOLOAHL 4865106452, број на мотор Z14XEP/19GK1096, прва регистрација 10.05.2006 година, со регистарска ознака SK-348 ПИ Limuzina со метално сина боја 9C, меѓу Министерството за образование и наука и општина Чаир.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3773/1
9 август 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**1435.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 24.08.2006 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СТАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Член 1

Во Одлуката за обезбедување на станови за спроведување на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2004), Прегледот на станови ставени на располагање на Комисијата за станбени прашања при Владата на Република Македонија врз основа на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства и Прегледот на станови ставени на располагање на Владата на Република Македонија, Комисијата за станбени прашања се заменуваат со нови прегледи кои се составен дел на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3753/1
24 август 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

## Преглед
## на станови ставени на располагање на Комисијата за станбени прашања при Влада на РМ врз основа на Законот за денационализација и Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства

Град **Скопје**
Објекти нас. Ново Лисиче и Стар Аеродром

| Ред. Бр. | Адреса на станот - Објект | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во Еур/$м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво Еур/$м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Објект 1.7 К1 Б-1 Н.Лисиче | 1 | 10 | 2 | 73.47 | 624.71 | 4.37 | 291.00 | 49,527.36 |
| 2 | Објект 1.7 К1 Б-1 Н.Лисиче | 1 | 25 | 2 | 73.47 | 624.71 | 4.70 | 291.00 | 49,628.19 |
| 3 | Објект 1.7 К1 Б-1 Н.Лисиче | 1 | 31 | 3 | 82.32 | 615.68 | 4.37 | 291.00 | 54,551.89 |
| 4 | Објект 1.14 Б1 Б1 Н.Лисиче | 1 | 13 | 3 | 72.84 | 611.49 | 5.36 | 291.00 | 48,405.83 |
| 5 | Објект 1.14 Б1 Б1 Н.Лисиче | 1 | 40 | 2 | 62.21 | 644.12 | 5.27 | 291.00 | 43,684.64 |
| 6 | Објект 1.14 Б1 Б1 Н.Лисиче | 1 | 46 | 2 | 64.36 | 600.10 | 5.80 | 291.00 | 42,326.00 |
| 7 | Објект 1.7 К1 Б-1 Н.Лисиче | 1 | 26 | 3 | 70,52 | 670,49 | 4.60 | 291.00 | 54622,17 |
| | Вкупно: | | | | 550,67 | | 34.47 | | 342.746,08 |

Град **Битола**
Објект Довлеџик 2 Ламела 1

| Ред. Бр. | Адреса на станот | Влез Ламела | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена (ЕУР/$м^2$) | Површина на подрум во $м^2$ | Цена (ЕУР/$м^2$) | Вкупна цена на станот (ЕУР) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Довлеџик 2 | 1 | 2 | 3 | 71.89 | 480.61 | 7.04 | 240.30 | 36.771,90 |
| 2 | Довлеџик 2 | 1 | 5 | 2 | 58.36 | 480.61 | 7.21 | 240.30 | 30.210,10 |
| 3 | Довлеџик 2 | 1 | 9 | 2 | 58.36 | 480.61 | 7.07 | 240.30 | 29.592,90 |
| 4 | Довлеџик 2 | 1 | 10 | 3 | 71.89 | 480.61 | 6.98 | 240.30 | 36.757,50 |
| 5 | Довлеџик 2 | 1 | 12 | 1 | 34.76 | 480.61 | 7.01 | 240.30 | 18.297,70 |
| 6 | Довлеџик 2 | 1 | 17 | 2 | 57.44 | 480.61 | 8.16 | 240.30 | 28.265,90 |
| 7 | Довлеџик 2 | 1 | 18 | 3 | 72.15 | 480.61 | 8.29 | 240.30 | 35.755,80 |
| 8 | Довлеџик 2 | 1 | 19 | 2 | 57.58 | 480.61 | 8.48 | 240.30 | 28.982,60 |
| 9 | Довлеџик 2 | 1 | 20 | 1 | 37.25 | 480.61 | 8.46 | 240.30 | 19.090,90 |
| | Вкупно: | | | | 519,68 | | 68,70 | | 263.725,70 |

Град **Гевгелија**
Објект: Гординија

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во Еур/$м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво Еур/$м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Г.П.Одреди | 1 | 13 | 1 | 47,98 | 597,20 | 4,35 | 304,13 | 29.181,11 |
| 2 | Г.П.Одреди | 1 | 16 | 1 | 48,68 | 597,20 | 3,51 | 304,13 | 29.332,08 |
| 3 | Г.П.Одреди | 2 | 7 | 2 | 69,15 | 597,20 | 3,09 | 304,13 | 42.236,14 |
| 4 | Г.П.Одреди | 2 | 10 | 2 | 69,15 | 597,20 | 3,00 | 304,13 | 42.181,40 |
| 5 | Г.П.Одреди | 2 | 11 | 2 | 69,15 | 597,20 | 3,12 | 304,13 | 42.245,27 |
| 6 | Г.П.Одреди | 2 | 13 | 1 | 48,68 | 580,62 | 4,27 | 304,13 | 29.563,22 |
| 7 | Г.П.Одреди | 2 | 14 | 2 | 57,34 | 580,62 | 3,39 | 304,13 | 34.323,75 |
| 8 | Г.П.Одреди | 2 | 15 | 2 | 57,34 | 580,62 | 3,10 | 304,13 | 34.323,75 |
| 9 | Г.П.Одреди | 2 | 16 | 1 | 48,68 | 580,62 | - | - | 28.264,58 |
| | Вкупно: | | | | 516.16 | | 27.83 | | 311.651.30 |

Град **Штип**
Објект Блок 22

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број настан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена ($ЕУР/м^2$) | Површина на подрум во $м^2$ | Цена ($ЕУР/м^2$) | Вкупна цена на станот (ЕУР) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Џемал Бједик 56 | 2 | 17 | 2,0 | 63,84 | 449,94 | 6,72 | 225,00 | 30.236,00 |
| | **Вкупно:** | | | | **63.84** | | **6.72** | | **30.236,00** |

Град **Прилеп**
Објект: Станбено деловен објект Табана - Ламела А

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број настан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во $Еур/м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво $Еур/м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ул.11 Октомври | 1 | 17 | 2 | 57,52 | 436,50 | 8,00 | 225,00 | 26.907,48 |
| 2 | Ул.11 Октомври | 1 | 20 | 2 | 57,52 | 432,00 | 9,60 | 225,00 | 27.008,64 |
| 3 | Ул.11 Октомври | 1 | 21 | 1 | 35,64 | 428,40 | 10.90 | 225,00 | 17.720,68 |
| | **Вкупно:** | | | | **150.68** | | **28.5** | | **71.636.80** |

Град **Струга**
Објект:Станбено деловен

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена ($ЕУР/ м^2$) | Површина на подрум во $м^2$ | Цена($ЕУР/м^2$) | Вкупна цена на станот (ЕУР) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Маршал Тито Л-1 | 1 | 20 | 2,0 | 61,11 | 468,00 | 6,21 | 234,00 | 30.052,62 |
| | **Вкупно:** | | | | **61.11** | | **6,21** | | **30.052.62** |

Град **Куманово**
Објект: Станбено деловен објект П+3+Пк

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во $Еур/м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво $Еур/м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ул.Илинденска бб | | 2 | 3 | 84.54 | 527,00 | 13,92 | 265,00 | 48.241,38 |
| 2 | Ул.Илинденска бб | | 6 | 1.5 | 41.29 | 541,00 | 13,66 | 265,00 | 25.957,79 |
| 3 | Ул.Илинденска бб | | 8 | 3,0 | 84,54 | 532,00 | 13,80 | 265,00 | 48.632,28 |
| 4 | Ул.Илинденска бб | | 11 | 1.5 | 42.74 | 546,00 | 13,66 | 265,00 | 26.955,94 |
| 5 | Ул.Илинденска бб | | 12 | 1.5 | 41.29 | 546,00 | 14,36 | 265,00 | 26.349,74 |
| 6 | Ул.Илинденска бб | | 14 | 3,0 | 84.54 | 521,00 | 13,80 | 265,00 | 47.702,35 |
| 7 | Ул.Илинденска бб | | 15 | 2.5 | 69.31 | 522,00 | 13,66 | 265,00 | 39.831,04 |
| 8 | Ул.Илинденска бб | | 17 | 1.5 | 42.74 | 536,00 | 13,66 | 265,00 | 26.528,54 |
| 9 | Ул.Илинденска бб | | 18 | 1.5 | 41.29 | 536,00 | 20,85 | 265,00 | 27.656,69 |
| 10 | Ул.Илинденска бб | | 20 | 3,0 | 84.55 | 507,00 | 13,68 | 265,00 | 46.492,05 |
| 11 | Ул.Илинденска бб | | 21 | 2.5 | 69.33 | 508,00 | 14,18 | 265,00 | 38.977,34 |
| 12 | Ул.Илинденска бб | | 23 | 1,5 | 42.74 | 521,00 | 0,00 | 0,00 | 22.267,54 |
| | **Вкупно:** | | | | **728.9** | | **159.23** | | **425.592.68** |

Град **Кичево**
Објект: Станбена зграда П+4+Пк
Населба: Ложионица

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во Еур/$м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво Еур/$м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Рудничка бб | 2 | 16 | 2 | 45,90 | 465,28 | 4,37 | | 21.356,00 |
| 2 | Борис Кидрич бб | 3 | 16 | 1 | 34,07 | 444.82 | 6,66 | 222.41 | 16.636,27 |
| 3 | Борис Кидрич бб | 2 | 16 | 2 | 57,52 | 444.82 | 8,22 | 222.41 | 27.414,26 |
| 4 | Рудничка бб | 2 | 4 | 2 | 44,70 | 465,28 | 4,03 | | 20.798,00 |
| 5 | Борис Кидрич бб | 3 | 17 | 2 | 53,93 | 419.26 | 7,13 | 222.41 | 24.196,48 |
| 6 | Борис Кидрич бб | 2 | 17 | 2 | 56.11 | 419.26 | 15.92 | 222.41 | 27.065.45 |
| | Вкупно: | | | | 292.23 | | 46.33 | | 137.466.46 |

Град **Струмица**

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во Еур/$м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво Еур/$м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ул.Ристо Ќурчиев бр.1 | 1 | 15 | 1 | 41,71 | 435,00 | 6.06 | 153,00 | 19.071,03 |
| 2 | Ул.Ристо Ќурчиев бр.1 | 1 | 20 | 1 | 41,71 | 435,00 | 6.06 | 153,00 | 19.071,03 |
| 3 | Ул.Ѓ.Василев бр.40 | 1 | 29 | Г | 26,04 | 490,00 | 2,99 | 204,52 | 13.372,00 |
| 4 | Ул.Ѓ.Василев бр.40 | 1 | 32 | Г | 26,04 | 490,00 | 2,99 | 204,52 | 13.372,00 |
| 5 | Ул.Ѓ.Василев бр.40 | 1 | 18 | 2 | 58,94 | 490,00 | 4,42 | 204,52 | 29.785,00 |
| | Вкупно: | | | | 194.44 | | 22.52 | | 94.671.27 |

Град **Охрид**
Објект: Охридати Б10

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во Еур/$м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво Еур/$м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Колекторска бб | 1 | 1 | 2 | 65,58 | 636,00 | 0,00 | 0,00 | 41.709,10 |
| | Вкупно: | | | | 65,58 | | 0,00 | | 41.709,10 |

Град **Берово**
Објект: Станбено деловен објект П+4+Пк

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во Еур/$м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво Еур/$м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Партизанска бр.10 | 1 | 19 | 1,5 | 46,00 | 310,00 | 7,00 | 155,00 | 15.345,00 |
| | Вкупно: | | | | 46,00 | | 7,00 | | 15.345,00 |

Град **Крива Паланка**
Објект: Станбена зграда П+4 Ламела 2

| Ред. бр. | Адреса на станот | Влез | Број на стан | Соб-ност | Површина на станот во $м^2$ | Цена во Еур/$м^2$ | Површина на подрум во $м^2$ | Ценаво Еур/$м^2$ | Вкупна вредност на станот / Еур |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Населба - Грамаѓе | 1 | 18 | 2 | 64,50 | 370,60 | 6,00 | 179,95 | 24.983,40 |
| 2 | Населба - Грамаѓе | 1 | 17 | 2 | 64,50 | 370,60 | 6,00 | 179,95 | 24.983,40 |
| | Вкупно: | | | | 129,00 | | 12,00 | | 49.966,41 |

## ПРЕГЛЕД
### на станови ставени на располагање на Владата на Република Македонија Комисија за станбени прашања

| Реден број | Подрачна Единица | Вкупен број на станови | Површина на стан во м/2 | Површина на подрум во м/2 | Вкупна вредност ЕУРО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Скопје | 7 | 550,67 | 34,47 | 342.746,08 |
| 2 | Битола | 9 | 519,68 | 68,70 | 263.725,70 |
| 3 | Охрид | 1 | 65,58 | 0,00 | 41.709,10 |
| 4 | Гевгелија | 9 | 516,16 | 27,83 | 311.651,30 |
| 5 | Прилеп | 3 | 150,68 | 28,50 | 71.636,80 |
| 6 | Кичево | 6 | 292,23 | 46,33 | 137.466,46 |
| 7 | Берово | 1 | 46,00 | 0,00 | 15.345,00 |
| 8 | Куманово | 12 | 728.9 | 159.23 | 425.592.68 |
| 9 | Штип | 1 | 63,84 | 6,72 | 30.236,00 |
| 10 | Крива Паланка | 2 | 129,00 | 12,00 | 49.966.41 |
| 11 | Струмица | 5 | 194,44 | 22,52 | 94.671,27 |
| 12 | Струга | 1 | 61,11 | 6,21 | 30.052,62 |
| | **ВКУПНО** | **57** | **2.589,39** | **253,28** | **1.339.240,33** |

---

## ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**1436.**

Врз основа на членовите 31 став 2 точка 1, 35 став 1 и 33 став 1 точка 85 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006), Државната изборна комисија, на седницата одржана на 28 август 2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ГРАД СКОПЈЕ

I. Со оваа одлука се именува составот на Изборната комисија на градот Скопје.

II. За претседател, членови и нивни заменици на Изборната комисија на градот Скопје се именуваат:

за претседател — Бранко Ефремов од Министерството за финансии

за заменик претседател — Валдета Исмаили од Министерството за култура

за член — Снежана Јанева од Министерството за здравство

за член — Тони Петровски од Министерството за надворешни работи

за член — Реџебије Беѓул од Агенцијата за информации

за член — Демир Хамити од Народниот правобранител

за заменик член — Олгица Трајковска од Министерството за култура

за заменик член — Душан Стојановски од Министерството за економија

за заменик член — Вукица Савевска од Министерството за финансии

за заменик член — Бурханудин Хасани од Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 10-1584/1
29 август 2006 година
Скопје

Претседател
на Државната изборна комисија,
**Јован Јосифовски**, с.р.

Државната изборна комисија, врз основа на член 31 став 2 точка 10 и став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006), на седницата одржана на 28 август 2006 година ги пропиша следните обрасци за спроведување на Предвремените локални избори за избор на Градоначалник на Општина Сарај:

**Образец број 1**
**член 65 став 5**
**од Изборниот законик**

# ИЗЈАВА

**за прифаќање на кандидатура**

**од** ______________________________________________

______________________________________________

**( име и презиме, постојано живеалиште, професија и ЕМБГ)**

Се согласувам со кандидатурата за избор на Градоначалник на Општината Сарај поднесена од

______________________________________________ .
**( името на овластениот подносител на листата односно група избирачи )**

Оваа изјава е неотповиклива.

во ____________________

**( место и дата )**

**К А Н Д И Д А Т**

______________________________
**( ИМЕ И ПРЕЗИМЕ )**

______________________________
**(СВОЕРАЧЕН ПОТПИС)**

**Образец број 2**
**член 63 став 1 во врска со член 62 став 1 алинеја 3**
**од Изборниот законик**

# ОБРАЗЕЦ

**за собирање на потписи за предлагање на кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај предложен од ____група избирачи____**

За Градоначалник на Општина Сарај го предлагам следниот кандидат:

______________________________________________

**( име и презиме, постојано живеалиште, професија и ЕМБГ)**

Предлогот за кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај го подржувам со свој потпис:

| Реден број | Име и презиме | Е М Б Г | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| ....... | | | |
| ....... | | | |
| 250. | | | |
| | ***ИТН ДО НАЈМАЛКУ 250 ПОТПИСИ*** | | |

Овој Образец се приложува кон Образец број 3

во ____________________

**( место и дата )**

**П Р Е Д Л А Г А Ч**

**ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И ЕМБГ НА ИЗБИРАЧОТ ШТО ГО ПОТПИШУВА ПРЕДЛОГОТ**

**М. П.**

______________________________
**ПОТПИС ОД НАДЛЕЖНИОТ ДРЖАВЕН ОРГАН**
**ЗА ВОДЕЊЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК**

**Образец број 3**
**член 64 став 4, член 65 став 1 и 58 став 2**
**од Изборниот законик**

# ЛИСТА

## за предлагање на кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај

**НАЗИВ НА ЛИСТАТА : Група избирачи** ______________________
почетни букви од името и презимето
на подносителот на листата

**ПОДНОСИТЕЛ НА ЛИСТАТА: Група избирачи** ______________________
почетни букви од името и презимето на
подносителот на листата и
симбол на подносителот на листата (ако го има)

За кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај се предлага следниот кандидат:

______________________________________________________________
**( име и презиме, постојано живеалиште, професија и ЕМБГ)**

во ____________________
**( место и дата )**

**П О Д Н О С И Т Е Л**

**(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ, ЕМБГ И СВОЕРАЧЕН ПОТПИС НА ОВЛАСТЕНИОТ ПРЕТСТАВНИК НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ЛИСТАТА)**

**Образец број 4**
**член 65 став 1 и член 64 став 4**
**од Изборниот законик**

# ЛИСТА
## за предлагање на кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај

**НАЗИВ НА ЛИСТАТА :** ____________________
( име на подносителот на листата )

**ПОДНОСИТЕЛ НА ЛИСТАТА :** ____________________
( име и симбол на подносителот на листата )

За кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај се предлага следниот кандидат:

____________________
( име и презиме, постојано живеалиште, професија и ЕМБГ)

ВО ____________________
( место и дата )

**П О Д Н О С И Т Е Л**

(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ, ЕМБГ И СВОЕРАЧЕН ПОТПИС НА ОВЛАСТЕНИОТ ПРЕТСТАВНИК НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ЛИСТАТА)

**Образец број 1**
**член 65 став 5**
**од Изборниот законик**

**Formular numër 1**
**neni 65 paragrafi 5**
**nga Kodi Zgjedhor**

# ИЗЈАВА

**за прифаќање на кандидатура**

**од** ______________________________________________

______________________________________________

**( име и презиме, постојано живеалиште, професија и ЕМБГ)**

# DEKLARATË

**për pranimin e kandidaturës**

**nga** ______________________________________________

______________________________________________

**(emri dhe mbiemri, vendbanim i përhershëm, profesioni dhe numri personal)**

Се согласувам со кандидатурата за избор на Градоначалник на Општината Сарај поднесена од

______________________________________________ .
**( името на овластениот подносител на листата односно група избирачи )**

Pajtohem me kandidaturën për zgjedhje të Kryetarit të Komunës së Sarajit të paraqitur nga

______________________________________________ .
**(emri i paraqitësit të autorizuar të listës respektivisht grupit të zgjedhësve)**

Оваа изјава е неотповиклива.
Kjo deklaratë është e parevokueshme.

во ____________________
**( место и дата )**

**К А Н Д И Д А Т**

______________________________
**( ИМЕ И ПРЕЗИМЕ )**

______________________________
**(СВОЕРАЧЕН ПОТПИС)**

Në ____________________
**(vendi dhe data )**

**KANDIDAT**

______________________________
**( EMRI DHE MBIEMRI)**

______________________________
**(NENSHKRIM)**

**Образец број 2**
**член 63 став 1 во врска со член 62 став 1 алинеја 3**
**од Изборниот законик**

**Formular numër 2**
**neni 63 paragrafi 1 në lidhje me nenin 62 paragrafin 1 alineja 3**
**nga Kodi zgjedhor**

# ОБРАЗЕЦ

**за собирање на потписи за предлагање на кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај предложен од ____група избирачи____**

# FORMULAR

**Për grumbullimin e nënshkrimeve për paraqitjen e kandidatit për zgjedhe të Kryetarit të Komunës së Sarajit i propozuar nga ____grup zgjedhësish__**

За Градоначалник на Општина Сарај го предлагам следниот кандидат:

______________________________________________________________
**( име и презиме, постојано живеалиште, професија и ЕМБГ)**

Për Kryetar të Komunës së Sarajit e paraqes kandidatin në vijim:

______________________________________________________________
**(emri dhe mbiemri, vendbanim i përhershëm, profesioni dhe numri personal)**

Предлогот за кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај го подржувам со свој потпис:

| Реден број | Име и презиме | Е М Б Г | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| ……. | | | |
| ……. | | | |
| 250. | | | |
| | ***ИТН ДО НАЈМАЛКУ 250 ПОТПИСИ*** | | |

Paraqitjen e kandidatit për zgjedhjen e Kryetarit të Komunës së Sarajit e mbështes me nënshkrimin tim:

| Numri rendor | Emri dhe mbiemri | Numri personal | NËNSHKRIMI |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| ....... | | | |
| ....... | | | |
| 250. | | | |
| | ***ETJ DERI SË PAKU 250 NËNSHKRIME*** | | |

Овој Образец се приложува кон Образец број 3

Ky Formular i bashkëngjitet Formularit numër 3

во ____________________ **П Р Е Д Л А Г А Ч**

**( место и дата )**

**ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И ЕМБГ НА ИЗБИРАЧОТ ШТО ГО ПОТПИШУВА ПРЕДЛОГОТ**

**М. П.**

**ПОТПИС ОД НАДЛЕЖНИОТ ДРЖАВЕН ОРГАН**
**ЗА ВОДЕЊЕ НА ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК**

Në ____________________ **PARAQITËS**

**(vendi dhe data )**

________________________________

**( EMRI DHE MBIEMRI DHE NUMRI PERSONAL** I ZGJEDHËSIT I CILI FIRMOS PARAQITJEN**)**

**V.V.**

**NENSHKRIM I ORGANIT SHTETEROR KOMPETENT**
**PËR MBAJTJEN E LISTËS ZGJEDHORE**

**Образец број 3**
**член 64 став 4, член 65 став 1 и 58 став 2**
**од Изборниот законик**

**Formular numër 3**
**neni 64 paragrafi 4, neni 65 paragrafi 1 dhe 58 paragrafi 2**
**nga Kodi Zgjedhor**

# ЛИСТА

**за предлагање на кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај**

# LISTA

**për paraqitjen e kandidatit për zgjedhje të Kryetarit të Komunës së Sarajit**

**НАЗИВ НА ЛИСТАТА : Група избирачи** ____________________
почетни букви од името и презимето на подносителот на листата

**EMRI I LISTËS: Grupi i zgjedhësve** ____________________
Shkronjat e para të emrit dhe mbiemrit të paraqitësit të listës

**ПОДНОСИТЕЛ НА ЛИСТАТА: Група избирачи** ____________________
почетни букви од името и презимето на подносителот на листата и симбол на подносителот на листата (ако го има)

**PARAQITËS I LISTËS: Grupi i zgjedhësve** ____________________
Shkronjat e para të emrit dhe mbiemrit të paraqitësit të listës dhe simbolin e paraqitësit të listës (nëse ka të tillë)

За кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај се предлага следниот кандидат:

______________________________________________
**( име и презиме, постојано живеалиште, професија и ЕМБГ)**

Për kandidat për zgjedhje të Kryetarit të Komunës së Sarajit paraqitet kandidati në vijim:

______________________________________________
**(emri dhe mbiemri, vendbanim i përhershëm, profesioni dhe numri personal)**

во ____________________
**( место и дата )**

**П О Д Н О С И Т Е Л**

______________________________
**(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ, ЕМБГ И СВОЕРАЧЕН ПОТПИС НА ОВЛАСТЕНИОТ ПРЕТСТАВНИК НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ЛИСТАТА)**

Në ____________________
**(vendi dhe data )**

**PARAQITËS**

______________________________
**( EMRI DHE MBIEMRI DHE NUMRI PERSONAL DHE NËNSHKRIMI PERSONAL I PËRFAQËSUESIT TË AUTORIZUAR I PARAQITËSIT TË LISTËS)**

**Образец број 4**
**член 65 став 1 и член 64 став 4**
**од Изборниот законик**

**Formular numër 4**
**neni 65 paragrafi 1 dhe neni 64 paragrafi 4**
**nga Kodi zgjedhor**

# ЛИСТА

**за предлагање на кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај**

# LISTA

**për paraqitjen e kandidatit për zgjedhje e Kryetarit të Komunës së Sarajit**

**НАЗИВ НА ЛИСТАТА :** ______________________
( име на подносителот на листата )

**EMRI I LISTËS:** ______________________
(emir i paraqitësit të listës)

**ПОДНОСИТЕЛ НА ЛИСТАТА :** ______________________
( име и симбол на подносителот на листата )

**PARAQITËS I LISTËS:** ______________________
(emir dhe simboli i paraqitësit të listës)

За кандидат за избор на Градоначалник на Општина Сарај се предлага следниот кандидат:

______________________________________________
( име и презиме, постојано живеалиште, професија и ЕМБГ)

Për kandidat për zgjedhje të Kryetarit të Komunës së Sarajit paraqitet kandidati në vijim:

______________________________________________
(emri dhe mbiemri, vendbanim i përhershëm, profesioni dhe numri personal)

во ______________________
( место и дата )

**П О Д Н О С И Т Е Л**

______________________
(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ, ЕМБГ И СВОЕРАЧЕН ПОТПИС НА ОВЛАСТЕНИОТ ПРЕТСТАВНИК НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ЛИСТАТА)

Në ______________________
(vendi dhe data )

**PARAQITËS**

______________________
(EMRI DHE MBIEMRI DHE NUMRI PERSONAL DHE NËNSHKRIMI PERSONAL I PËRFAQËSUESIT TË AUTORIZUAR I PARAQITËSIT TË LISTËS)

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

**106.**

Врз основа на член 66 став 2 од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 47/02, 42/03, 9/04 и 39/06), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесува

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО И ДРУГИТЕ СОСТОЈКИ И ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА СЕРТИФИКАТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРОИЗВОДИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈА

Член 1

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на барањето и другите состојки и прилози кон барањето за издавање на решение за сертификат за заштита на производите за заштита на растенијата (во натамошниот текст: „дополнителен сертификат“).

Член 2

Барањето од членот 66-г став (1) од Законот за индустриската сопственост со кое се бара издавање на дополнителен сертификат се поднесува на образец ДЗИС-П7 на А4 формат, во три примероци.

Член 3

(1) Образецот ДЗИС-П7 за издавање на дополнителен сертификат содржи:

1. број на барањето што го пополнува Заводот;
2. адреса за кореспонденција односно адреса на живеалиштето на подносителот на барањето или на неговиот застапник, или на заедничкиот претставник доколку има повеќе подносители на пријавата, како и назначување на бројот на телефонот, факсот или електронската адреса (e-mail);
3. податоци за подносителот на барањето, презиме, име и адреса за физички лица или фирма и седиште за правни лица; доколку постојат повеќе подносители потребно е да се достави писмена изјава за заедничкиот претставник;
4. податоци за застапникот, ако пријавата е поднесена преку застапник, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот;
5. назив на производот за кој се бара заштита односно назначување на активната супстанција или компонента и доколку е можно да се наведе нејзината структурна формула, хемиско име и/или генеричко име;
6. назначување дека се бара издавање на дополнителен сертификат со наведување на бројот на патентот, назив на патентот, датум на признавањето и датум на истекување на важноста;
7. број и датум на одобрението за ставање во промет на производот во Република Македонија;
8. наведување на податоците за првото одобрение за ставање во промет на производот, со назначување на државата, бројот и датумот на издавањето, производот и законската одредба според која е издадено;
9. назначување на приложената документација.

(2) Образецот ДЗИС-П7 е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Кон барањето од ставот 1 на овој член се поднесуваат и други прилози од членот 4 на овој правилник.

(4) Ако предвидениот простор во односната рубрика на образецот ДЗИС-П7 не е доволен, бараниот податок се приложува како посебен додаток кон образецот ДЗИС-П7 со полната содржина и при тоа се повикува на бројот на рубриката на која се однесува додатокот.

Член 4

(1) Други прилози кон барањето се:

1. одобрение за ставање во промет во Република Македонија на производот од членот 3 став (1) алинеја 18 од Законот за индустриската сопственост;
2. заверена копија од објавата на првото одобрение за ставање во промет издадено во која било земја членка на Париската унија или СТО, ако одобрението од точка 1 од овој став не е првото одобрение за ставање во промет;
3. превод од објавата од точка 2 на овој став на македонски јазик;
4. доказ за платена соодветна такса за барањето;
5. овластување на застапникот, ако барањето се поднесува преку застапник.

(2) Прилозите од ставот 1 на овој член треба да содржат потпис и печат на подносителот на пријавата, односно на застапникот ако пријавата се поднесува преку застапник.

Член 5

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за постапката за издавање дополнителен сертификат за заштита на производите за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 93/04).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-542/1
29 август 2006 година
Скопје

Директор,
**Џемаил Ељмази,** с.р.

Република Македонија
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА
ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ
СКОПЈЕ

Пополнува Заводот

*Датa на поднесување*
*Деловоден број*
*Број на барањето* ______

**БАРАЊЕ**
**за издавање на дополнителен сертификат за заштита на производите за заштита на растенија**
*(да се пополни со машина за пишување)*

**1. Адреса за кореспонденција:**

*Тел.:* *Факс:* *e-mail:*

**2. Податоци за подносителот на барањето** *(презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице):*

☐ Постојат повеќе подносители
☐ Изјава за заеднички претставник

**3. Застапник:**

*Регистарски број:*

**4. Назив на производот за кој се бара издавање на сертификат** *(активна супстанција или компонента, структурна формула, хемиско име и/или генеричко име)*:

**5. Податоци за основниот патент:**

- Назив на пронајдокот

| Регистарски број на патентот и број на пријавата | Датум на признавање | Датум на престанок на важноста |
|---|---|---|
| | | |

**6. Одобрение за ставање во промет на производот во Република Македонија:**

Број ______ Датум ______

**7. Податоци за првото одобрение за ставање во промет на производот**

| Држава | Број на одобрение | Датум на издавање |
|---|---|---|
| | | |

1

об. ДЗИС П-7

**9. Прилози кон барањето:**

- ☐ одобрение за ставање во промет во Република Македонија
- ☐ заверена копија од објавата на првото одобрение за ставање во промет
- ☐ превод на објавата на првото одобрение на македонски јазик
- ☐ полномошно на застапникот
- ☐ изјава за заеднички претставник
- ☐ доказ за платена такса за барањето

Потпис и печат

2

Потпис и печат
на Заводот

---

**107.**

Врз основа на член 66 став 2 од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 47/02, 42/03, 9/04 и 39/06), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесува

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО И ДРУГИТЕ СОСТОЈКИ И ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА СЕРТИФИКАТ ЗА ЗАШТИТА НА МЕДИЦИНСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на барањето и другите состојки и прилози кон барањето за издавање на решение за сертификат за заштита на медицински производи (“во понатамошниот текст дополнителен сертификат”).

Член 2

Барањето од членот 66-г став (1) од Законот за индустриската сопственост со кое се бара издавање на дополнителен сертификат се поднесува на образец ДЗИС – П6 на А4 формат, во три примероци.

Член 3

(1) Образецот ДЗИС-П6 за издавање на дополнителен сертификат содржи:

1. Број на барањето кое го пополнува Заводот;

2. адреса за кореспонденција односно адреса на живеалиштето на подносителот на барањето или на неговиот застапник, или на заедничкиот претставник доколку има повеќе подносители на пријавата, како и назначување на бројот на телефонот, факсот или електронската адреса (e-mail);

3. податоци за подносителот на барањето, презиме, име и адреса за физички лица, или фирма и седиште за правни лица, доколку постојат повеќе подносители потребно е да се достави писмена изјава за заедничкиот претставник;

4. податоци за застапникот, ако пријавата е поднесена преку застапник, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице и регистарски број на застапникот;

5. назив на производот за кој се бара заштита односно назначување на активната супстанција или компонента и доколку е можно да се наведе нејзината структурна формула, хемиско име и/или генеричко име;

6. назначување дека се бара издавање на дополнителен сертификат со наведување на бројот на патентот, назив на патентот, датум на признавањето и датум на истекување на важноста;

7. број и датум на одобрението за ставање во промет на производот во Република Македонија;

8. наведување на податоците за првото одобрение за ставање во промет на производот, со назначување на државата, бројот и датумот на издавањето, производот и законската одредба според која е издадено;

9. назначување на приложената документација.

(2) Образецот ДЗИС-П6 е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Кон барањето од ставот 1 на овој член се поднесуваат и други прилози од членот 4 на овој правилник.

(4) Ако предвидениот простор во односната рубрика на образецот ДЗИС-П6 не е доволен, бараниот податок се приложува како посебен додаток кон образецот ДЗИС-П6 со полната содржина и при тоа се повикува на бројот на рубриката на која се однесува додатокот.

Член 4

(1) Други прилози кон барањето се:

1. одобрение за ставање во промет во Република Македонија на производот од членот 3 став (1) алинеа 15 од Законот за индустриската сопственост;

2. заверена копија од објавата на првото одобрение за ставање во промет во било која земја членка на Париската унија или СТО, ако одобрението од точката 1 од овој став не е прво одобрение за ставање во промет;

3. превод на македонски јазик од објавата од точка 2 на овој став;

4. доказ за платена соодветна такса за барањето;

5. овластување на застапникот, ако барањето се поднесува преку застапник.

(2) Прилозите од ставот 1 на овој член треба да содржат потпис и печат на подносителот на пријавата, односно на застапникот ако пријавата се поднесува преку застапник.

Член 5

(1) Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за постапката за издавање дополнителен сертификат за заштита на медицинските производи (“Службен весник на Република Македонија” бр. 93/04).

Член 6

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-543/1
29 август 2006 година
Скопје

Директор,
**Џемаил Ељмази**, с.р.

Република Македонија
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА
ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ
СКОПЈЕ

Пополнува Заводот

| |
|---|
| *Дата на поднесување* |
| *Деловоден број* |
| *Број на барањето* ______________ |

**БАРАЊЕ**
**за признавање на дополнителен сертификат за заштита на медицински производи**
***(да се пополни со машина за пишување)***

**1. Адреса за кореспонденција:**

*Тел.:* *Факс:* *e-mail:*

**2. Податоци за подносителот на барањето** *(презиме, име и адреса за физичко лице, односно фирма и седиште за правно лице):*

☐ **Постојат повеќе подносители**
☐ **Изјава за заеднички претставник**

**3. Застапник:**

***Регистарски број:***

**4. Назив на производот за кој се бара заштита** *(активна супстанција или компонента, структурна формула, хемиско име и/или генеричко име)*:

**5. Податоци за основниот патент:**

**- Назив на пронајдокот**

| Регистарски број на патентот и број на пријавата | Датум на признавање | Датум на престанок на важноста |
|---|---|---|
| | | |

**6. Одобрение за ставање во промет на производот во Република Македонија:**

**Број** ______________ **Датум** ______________

**7. Податоци за првото одобрение за ставање во промет на производот**

| Држава | Број на одобрение | Датум на издавање |
|---|---|---|
| | | |

**1**

**об. ДЗИС П-6**

**9. Прилози кон барањето:**

☐ одобрение за ставање во промет во Република Македонија
☐ заверена копија од објавата на првото одобрение за ставање во промет
☐ превод на објавата на првото одобрение на македонски јазик
☐ полномошно на застапникот
☐ изјава за заеднички претставник
☐ доказ за платена такса за барањето

______________
**Потпис и печат**

**2**

______________
**Потпис и печат на Заводот**

**108.**

Врз основа на член 98 став 2, 99 став 4, 101 став 2, 102 став 4, 107 став 3, 108 став 4, 111 став 4, 111-а став 2, 114 став 2, 115 став 2, 122 став 4 и 225 став 6 од Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на РМ" бр. 47/02, 42/03, 9/04 и 39/06), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН**

Член 1

Во Правилникот за индустриски дизајн („Службен весник на Република Македоонија" бр.18/04), во член 16 став 1 по точката 4 се додава нова точка 5 која гласи:

"5. доказ за платени такси за поделба на пријавата".

Член 2

Во член 18 став (1) точка 5, по зборот "застапникот" се додаваат зборовите "ако приговорот е поднесен преку застапник;".

Член 3

Во членот 26 ставот 2 се менува и гласи:

"(2) Промените што се впишуваат во регистарот на пријави настанати по објавувањето на пријавата во службеното гласило на Заводот и во регистарот на индустриски дизајн се објавуваат во службеното гласило на Заводот, по плаќањето на соодветни трошоци".

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-544/1
29 август 2006 година
Скопје

Директор,
**Џемаил Ељмази**, с.р.

---

**109.**

Врз основа на член 130 став 3 во врска со член 131-б став 2, 132 став 5, 136-а став 2, 141 став 2, 142 став 4, 145 став 4, 145-а став 2, 147 став 2, 148 став 2, 154 став 4, 163 став 3, 222 став 6, 225 став 5, од Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на РМ" бр.47/02, 42/03, 9/04 и 39/06), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТРГОВСКА МАРКА**

Член 1

Во Правилникот за трговски марки („Службен весник на Република Македоонија" бр.18/04), во член 24 ставот 2 се менува и гласи:

"Промените што се впишуваат во регистарот на пријави настанати по објавувањето на пријавата во службеното гласило на Заводот и во регистарот на трговски марки се објавуваат во службеното гласило на Заводот, по плаќањето на соодветни трошоци".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-545/1
29 август 2006 година
Скопје

Директор,
**Џемаил Ељмази**, с.р.

**110.**

Врз основа на член член 29 став 3, 36 став 2, 38 став 3, 45 став 2, 46 став 4, 54 став 6, 59 став 3, 59а став 2, 60 став 4, 61 став 3, 81а став 3, 81б став 2, 81в став 2, 221 став 5, 225 став 5 6од Законот за индустриската сопственост (“Службен весник на Република Македонија” бр. 47/02, 42/03, 9/04 и 39/06), директорот на Државниот завод за индустриска сопственост донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПАТЕНТИ

Член 1

Во Правилникот за патенти („Службен весник на Република Македоонија“ бр. 18/04), во член 34 став 1 по точката 2 се додава нова точка 3 која гласи:

“3.еден примерок од оригиналот на Б1 објавата на признат европски патент и/или од решението на Европскиот патентен завод за признавање на европскиот патент”.

Точките 3, 4 и 5 стануваат точки 4,5 и 6.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-546/1
29 август 2006 година
Скопје

Директор,
**Џемаил Ељмази**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02 и 37/05), Министерството за труд и социјална политика

## О Б Ј А В У В А

Просечната месечна нето плата по работник за месец август 2006 година неможе да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01 | Земјоделство, лов и соодветни услужни активности | 6.304 |
| 02 | Шумарство, искористување на шуми и соодветни услужни активности | 7.524 |
| 05 | Улов на риба, одгледување на риби и услужни активности во рибарството | 8.506 |
| 10 | Вадење на камен, јаглен и лигнит, вадење на тресет | 3.425 |
| 11 | Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања | 0 |
| 12 | Вадење на руда на уран и ториум | 0 |
| 13 | Вадење на руди на метал | 9.854 |
| 14 | Вадење на други руди и камен | 10.454 |
| 15 | Производство на прехранбени производи и пијалаци | 9.752 |
| 16 | Производство на тутунски производи и ферментација на тутун | 7.550 |
| 17 | Производство на текстилни ткаенини | 4.757 |
| 18 | Производство на облека; доработка и боење на крзно | 3.465 |
| 19 | Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 2.980 |
| 20 | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 5.596 |
| 21 | Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 7.635 |
| 22 | Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 10.384 |
| 23 | Производство на кокс, деривати и нафта и нуклеарно гориво | 13.092 |
| 24 | Производство на хемикалии и хемиски производи | 13.935 |
| 25 | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 4.085 |
| 26 | Производство на производи од други неметални минерали | 10.066 |
| 27 | Производство на основни метали | 9.946 |
| 28 | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 5.341 |
| 29 | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 8.349 |
| 30 | Производство на канцелариски машини и компјутери | 10.574 |
| 31 | Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 6.410 |
| 32 | Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати | 5.589 |
| 33 | Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници | 11.878 |

| | | |
|---|---|---|
| 34 | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 5.695 |
| 35 | Производство на други сообраќајни средства | 8.479 |
| 36 | Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 4.939 |
| 37 | Рециклажа | 5.592 |
| 40 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | 14.439 |
| 41 | Собирање, пречистување и дистрибуција на вода | 8.404 |
| 45 | Градежништво | 6.512 |
| 50 | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива | 10.374 |
| 51 | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 10.515 |
| 52 | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 6.157 |
| 55 | Хотели и ресторани | 7.377 |
| 60 | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт | 7.011 |
| 61 | Воден сообраќај | 0 |
| 62 | Воздушен сообраќај | 18.499 |
| 63 | Придружни и помошни активности во сообраќајот; активности на патничките агенции | 11.752 |
| 64 | Поштенски активности и телекомуникации | 13.992 |
| 65 | Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови | 16.752 |
| 66 | Осигурување и реосигурување, пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита | 19.590 |
| 67 | Помошни активности во финансиското посредување | 28.209 |
| 70 | Активности во врска со недвижен имот | 11.337 |
| 71 | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 5.886 |
| 72 | Компјутерски и сродни активности | 9.935 |
| 73 | Истражување и развој | 9.070 |
| 74 | Други деловни активности | 7.777 |
| 75 | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | 10.435 |
| 80 | Образование | 7.893 |
| 85 | Здравство и социјална работа | 8.433 |
| 90 | Отстранување на отпадни води и ѓубре, санитарни и слични активности | 7.714 |
| 91 | Дејност на организации врз база на зачленување | 11.033 |
| 92 | Рекреативни, спортски, културни и забавни активности | 7.271 |
| 93 | Други услужни дејности | 8.481 |
| 95 | Дејност на домаќинствата како работодавачи на домашен персонал | 0 |
| 96 | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за производство на стоки за сопствени потреби | 0 |
| 97 | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за вршување услуги за сопствени потреби | 0 |
| 99 | Екстериторијални организации и тела | 0 |

Месечно даночно ослободување 2.966.

Министер,
**Љупчо Мешков**, с.р.

---

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002 и 37/2005), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец јуни 2006 година, во однос на месец мај 2006 година, е пониска за 0,7 %.

2. Исплатата на платите за месец јуни 2006 година, во однос на месец мај 2006 година, работодавците од членот 3 став 1 ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Стевчо Јакимовски,** с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ




**1. База на прописи** на целата важечка законска и подзаконска регулатива од 1945 година до денес (околу 9000 прописи, распоредени во 22 области и преку 64 подобласти), како и тековното издавање на службениот весник во дигитална форма.

**- За период од 12 месеци, за претплатниците на печатеното издание „Службен весник на РМ“:**

а) **за над десет** претплатнички акаунти........................**4.880,00** денари по акаунт;

б) **од шест до десет** претплатнички акаунти......................**6.588,00** денари по акаунт;

в) **од еден до пет** претплатнички акаунти......................**8.540,00** денари по акаунт.

**- За период од 12 месеци, за оние кои не се претплатници на печатеното издание „Службен весник на РМ“:**

а) **за над десет** претплатнички акаунти......................**9.760,00** денари по акаунт;

б) **од шест до десет** претплатнички акаунти...................**10.980,00** денари по акаунт;

в) **од еден до пет** претплатнички акаунти...................**12.200,00** денари по акаунт.

**- За период од 1 месец - 1.400,00 денари по претплатнички акаунт.**



**2. CD-ROM изданија**

**1) Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година**.................................**4000,00 денари**

**2) Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година**......................**1000,00 денари**




**3. Регистарот на прописи на РМ** е единствено комплетно издание во Републиката на сите прописи, со најбрзо-двомесечно тековно ажурирање и овозможува брзо и лесно пребарување по азбучен и предметен регистар на законската и подзаконската регулатива. При секое ажурирање претплатниците добиваат гратис додаток на збирка актуелни прописи.

Секој нов претплатник со основната влошка добива и **гратис** класер-кутија.

**Цена**.......................................................**3.700,00 денари.**

**Цените се со пресметан ДДВ.**

## П О Р А Ч К А

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број:

**1.** Во ________________________ акаунти;

**2.** Комплет во ________________ примероци (2001 _____; 2002 _____; 2003 _____; 2004 _____ и 2005 _____ примероци);

**3.** Во ________________________ примероци.

Доказот за извршена уплата и порачката ги испраќаме по пошта.

**Порачател:** ____________________________________________

**Место:** _________, **ул.** ___________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Моб.** _________________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2006 година.** **(М.П.)** ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622

2006093